04 август 2016

Follow @MKDmk Like 108K






- Македонија
- Спорт
- Свет
- Забава
- Култура
- Кујна
- Фото
- 72НОВИ / 24h
- Контакт

- Црна хроника
- Колумни
- Коментар
- Поезија
- Автомобилизам
- Ѕвезди и филм






ГРУПНА ИЗЛОЖБА

# Корејски и македонски ликовни уметници заедно патуваат во Мала станица

Отворањето на групната изложба „Патување“ на 39 современи ликовни уметници од Македонија и од Јужна Кореја ќе се одржи на 3 август (среда) 2016 година, со почеток во 20.30 часот, во Националната галерија на Македонија, во објектот Мала станица во Скопје.




Групната изложба „Патување“, на која се претставени дела од триесет и девет современи уметници од Македонија и од уметничката група „Егзит“ од Јужна Кореја, ќе биде поставена во Националната галерија на Македонија, во објектот Мала станица, и ќе може да се посети до 20 август.

На изложбата се поставени дела во најразчилни медиуми, инсталации, аудио-инсталации, објекти, реди-мејд објекти, фотографии, слики и цртежи. Изложените дела се од голем, среден и мал формат. Од Македонија изложуваат голем број реномирани автори, како и млади талентирани уметници, а од Јужна Кореја се претставуваат уметниците од групата „Егзит“.

Групата „Егзит“ е формирана во градот Ченгчу во 2010 година и е отворена за соработки. Во неа покрај основачите, секоја година кон изложбите се приклучуваат нови членови, а исто така поканува и гости од странство. Изложуваат по 2 пати годишно, еднаш во Кореја, еднаш во странство. Во својот прв каталог ја цитираат мислата на Фрида Кало „Се надевам дека Излезот носи задоволство, и се надевам дека никогаш нема да се вратам“, што го појаснува значењето и поводот за избор на нивното име.




Организатор и куратор на изложбата „Патување“ е Маја Кировска, уметник од Македонија, која соработката со групата „Егзит“ ја започна во 2014 година на еден настан, во „МЦ Галерија“ во Њујорк, каде со концерт во иста вечер беа отворени три изложби, две на македонски автори, а една на автори од групата „Егзит“ од Јужна Кореја.

Потоа набрзо започнаа подготовките за гостување на групата „Егзит“ во Македонија на заедничка изложба со македонски автори. Токму заради остварување на контакти и соработки од ваков тип, пракса на „МЦ Галерија“ е отворањата на одделните изложби галеријата да ги одржува во една вечер, каде покрај контактите со посетителите, уметниците имаат можност меѓусебно да се запознаат.



„Преку делата на оваа изложба, авторите ги прикажаа своите погледи на темата ’Патување’ разгледувана во најширока смисла на зборот, патување како движење од точка А во точка Б, земени како позиции во просторот и времето или преминување од една во друга состојба. Тие ги разгледаа условите со кои се соочува субјектот или објектот кој патува, влијанијата и промените кои ги претрпува, како и крајните позиции или резултати од ваквото патување.

Изборот на темата беше поттикнат од актуелните случувања и состојби во светот, од општите човекови состојби и принципи, непроменети стотици и илјадници години, како и од универзалните принципи на природата кои никогаш не се менуваат.

Она што прво ни паѓа на памет кога ќе го слушнеме зборот патување е патување во друга земја. И покрај состојбите во светот и бројните напади на локациите каде има голема концентрација на странски туристи, како што се аеродромите, како ништо да не ги спречува патниците во нивната намера, аеродромите се пополни од било кога, штетите од несреќите се санираат со рекордна брзина, а сообраќајот и протокот на луѓе продолжува како ништо да не се случило.



Патувањата ги прошируваат нашите видици. Патувањата се дел од работата на многу професионалци ширум светот. Тие се значаен дел и од работата на уметниците кои патуваат на резиденции, отворања на изложби и други професионални престои. Комуникацијата носи нови идеи, а секој контакт со нова средина или нови луѓе носи влијанија кои најчесто резултираат со поинакви креативни решенија.

Денес најзастапени патувања можеби се туристичките, кои се разликуваат од истражувачките експедици, по тоа што туристите одат по проверен пат, користат воспоставени системи на активности и главно се заштитени од тешкотии и опасност.

Имајќи пасош со кој туристички можеме да патуваме во многу земји без виза, заборавaме дека не сите луѓе на планетава ја имаат таа привилегија, привилегијата на слободата на движење која би требала да биде основно човеково право. Жителите на многу земји во светот не се во можност да извадат виза за да патуваат. И не беше толку одамна, пред 2009 година, кога на граѓаните на Република Македонија им беа потребни визи за да патуваат во земјите на Европа. Покрај пасошите и визите, материјалните средства се неопходен предуслов за еден човек да може да си дозволи патување.



Додека голем дел од популацијата ја има привилегијата да оди на безбедни патувања, денес среќаваме една поинаква категорија на патници, присилени поради прогон или војна, да тргнат на опасни патувања, на кои многу од нив го губат животот. Од минатата година и со сопствени очи бевме сведоци на најголемата бегалска криза после Втората светска војна, кога илјадници луѓе дневно транзитираа низ нашата земја. Само од почетокот на 2016 година, скоро 3.000 лица го загубиле животот или се водат за исчезнати во водите на Медитеранот.

Кога ќе умре човек, кај народот се вели дека душата патува на оној свет, а смртта го означува моментот кога душата конечно ќе го напушти телото. Од ваквото поимање на смртта произлегува и терминологијата во повеќе јазици како и во македонскиот архаичен говор, каде често се сретнуваат изразите, си премина, си замина, си отиде човекот.

Различно од реалниот живот, уметноста може да ни дозволи да креираме поинаква визија за светот, онаков каков сакаме да биде, онаков каков што предвидуваме дека ќе биде, онаков каков што стравуваме дека ќе биде… да не однесе на патување во иднината, во друга временска или просторна димензија, светот на соништата, во паралелна реалност, или во реалноста на уметничкото дело за која зборува Малевич", напиша Маја Кировска, кураторка на изложбата.

Уметници од Македонијакои учествуваат на изложбата се Александра Јовановска, Ана Ивановска, Ана Јовановска, Ана Лазаревска, Ангел Миов, Благојче Наумоски-Бане, Борче Богоевски, Викторија Попоска, Горазд Попоски, Горан Менков, Гордана Вренцоска и Далибор Тренчевски.

Уметничка група „Егзит" од Јужна Кореја ја сочинуваат Лој Ким, Кјусан Ли, Џијан Мун, Инсук Риу, Гилце Џонг, Донграк Сон, Иксонг Цин, Јунтек Са, Мицонг Ли, Санјонг Ли, Чанглим Ли и Сангу Хан од Јужна Кореја, а на нив им се приклучија македонските уметници Зорица Зафировска, Ивана Пирковска, Јана Манева-Чупоска, Јовица Мијалковиќ, Кристина Хаџиева, Маја Кировска, Марија Сотировска-Богдановска, Марко Георгиевски, Нина Нинеска, Перо Кованцалив, Петра Јовановска, Тони Димитров, Урош Вељковиќ, Христијан Санев и Христина Зафировска.

**Т.Д.**

MKD.mk
Like Page 108K likes
Recommend 33 Tweet G+1 0

Патување во простор и стил! Доживејте го Superb Active TDI 21.900 евра ŠKODA

## Сподели

Share 33 Tweet

## Ликовна уметност

[Низ огледалото на Санјонг Ли може да се види...]
[Со изложба на Марјан Син ќе биде отворена и 53....]
[Се отвора првото Интернационално графичко биенале...]
[Хроника на една катастрофа, изложба на Фржоп за...]
[Вињети на немоста ја преиспитуваат границата...]
[Скулптури од Целил Руфати се изложени во Мала...]